# СЕТ АЛАТКИ ЗА КАМПАЊАТА ЕДНО ОД ПЕТ – УПАТСТВА

Овој комплет алатки за кампањата ЕДНО од ПЕТ се состои од повеќе компоненти што можат да им послужат на претставниците избрани на локално и регионало ниво, на здруженијата на локалните и регионалните власти и на други организации во нивното учество во **Кампањата на Советот на Европа ЕДНО од ПЕТ** и **Пактот на градови и региони за стопирање на сексуалното насилство врз децата**.

## ПОСТЕР

Ги повикуваме учесниците во Кампањата ЕДНО од ПЕТ и во *Пактот на градови и региони за стопирање на сексуалното насилство врз децата* да го дистрибуираат овој образец за постер што можат да го прилагодат така што во деловите кои се означени со загради: [X] и [Logo].ќе ги надополнат со нивни релевантни податоци (веб-страница, контакти, лого, итн.)

## ИНФОРМАТИВНИ ДОКУМЕНТИ




- Леток (А4 формат) на кој се претставени Кампањата ЕДНО од ПЕТ и *Пактот на градови и региони за стопрање на сексуалното насилство врз децата*;
- Брошура (А5 формат) која го содржи целосниот текст на *Пактот на градови и региони за стопирање на сексуалното насилство врз децата*;
- Леток (А4 формат) кој ја содржи *Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба* – Конвенцијата од Ланзароте;
- *“Регионално законодавство и активности за справување со сексуалната експлоатација и злоупотреба на децата”* (Резолуции и препораки на Конгресот, усвоени во 2012).

## PDF ФОРМАТ

PDF верзиите на постоечките документи наменети за промоција на *Пактот на градови и региони за стопирање на сексуалното насилство врз децата* може да ги преземете во професионален формат и на различни јазици од USB картичката, која е дел од комплетот алатки за кампањата, или на следниот линк: [www.coe.int/congress-oneinfive](http://www.coe.int/congress-oneinfive)**.**